КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02 - 174/2
21.03.2018 год.
СКОПЈЕ



број: 02-174/2
дата: 24.2.2018

# ЗАПИСНИК

од седницата на Собранието на Комората на овластени архитекти
и овластени инженери одржана на 24.2.2018

Собранието се одржа во салата за состаноци на Комората со почеток во 11:00 часот. Собранието го водеше Претседавачот на Собранието, д-р Миле Станковски.

По констатацијата дека на седницата на Собранието од вкупно 75 члена се присутни 57 претставници на професионалните одделенија и двајца имаат доставено полномошно заверено на нотар, претседавачот констатира дека има кворум за работа и полноправно одлучување по сите точки од дневниот ред.

Во расправа по предложениот дневен ред за работа на Собранието, Владко Тодоровски предложи точките 8, 9 и 10 да се додадат по точката 4 по што да се измени редоследот на точките. Сашо Блажевски предложи на дневен ред да се додаде точка во која ќе се расправа за Тарифникот. Претседавачот Станковски појасни дека Управниот одбор расправал по предлогот од Одделението за архитекти за ставање на точка за тарифникот на дневен ред, и заклучи на оваа седница да не се предложи како посебна точка, туку во рамките на точка 11 да се дадат потребните информации, а подоцна да се свика посебна собраниска седница само за ова прашање. Овој предлог беше прифатен од членовите на Собранието. По расправата Собранието го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на записникот од седницата на Собранието на Комората од 25 февруари 2017 година.
2. Годишен извештај за работа на Комората за 2017 година со завршна сметка и финансиски извештај.
3. Извештај од Надзорниот одбор за работата на Комората во 2017 година
4. Предлог програми за работа на Комората за 2018 година
5. Избор на два члена во дисциплинска комисија
6. Избор на комисија за спроведување на изборот на ПотПретседател на Комората
7. Избор на ПотПретседател на Комората (поради извршен неизбор на претходното Собрание)
8. Предлог измени и дополнувања на Статутот на Комората
    8.1 Продолжување на рокот за работа на Второстепената комисија за жалби
    8.2 Допрецизирање на одредбите за жалбени постапки
    8.3 Опис на логото на Комората
9. Предлог измени и дополнувања на Правилникот за надомест на посебните трошоци на членовите на Комората и други лица – усогласување на надоместот на членовите на второстепената комисија за жалби со надоместот за сите останати комисии

10. Предлог измени во Деловникот за работа на Собранието на Комората
    10.1 Прецизирање на процесот на предлагање на дневен ред за Собранието на комората
    10.2 Гласање со полномошно
11. Други прашања од интерес на Собранието
12. Промоција на МОНОГРАФИЈА 10 години Комора

***

Пред да се помине кон работата по Дневниот ред, д-р Горан Марковски предложи на ова Собрание да не се дозволи гласање на лицата кои имаат полномошно, бидејќи нема гаранција дека ќе ја почитуваат вољата на тој што го дал полномошното. Претседавачот Станковски и Генералниот секретар појаснија дека на оваа седница треба да се работи по важечкиот Деловник и дека гласањето со полномошно е во согласност со Законот за општа управна постапка, а доколку Собранието на денешната седница го измени Деловникот, по одредбите од тој деловник ќе се работи од наредната седница.

## ТОЧКА 1

Записникот од седницата на Собранието одржана на 25 февруари 2017 година беше едногласно усвоен.

## ТОЧКА 2

Претседателот на Комората, д-р Миле Димитровски во куси црти, преку powerpoint презентација се задржа на поважните прашања содржани во Годишен извештај за работа на Комората за 2017 година, при што даде и образложение по некои ставки од завршната сметка и финансиски извештај. Тој информира дека Комората целосно своите активности ги извршува на новата локација на ул. "*Булевар Партизански одреди број 29, локал 15, Т.Ц. Буњаковец.* Собранието едногласно, без расправа го усвои предложениот Годишен извештај за работа со финансиските показатели на Комората за 2017 година заедно со завршната сметка и пописот.

## ТОЧКА 3

Претседателот на Надзорниот одбор, Кристинка Радевски ги запозна членовите на Собранието со позитивниот Извештај за работата на Комората во 2017 година, што Надзорниот одбор, во полн состав (членови и заменици) го има доставено до Собранието, при што истакна дека е за пофалба домаќинското и одговорно работење, со богат календар на реализирани активности, како и со настојување да се воведе дополнителен квалитет во работењето преку воведување на ISO 9001 стандардот. Претседателот на Надзорниот Одбор го образложи работењето на НО и напомена дека во Записникот на НО бр.03-207/2 од 19.02.2018 година кој претходеше на Извештајот за контрола на материјално и финансиско работење и на завршната сметка за 2017 на Комората и е прилог на истиот, содржи одредени барања по кои стручната служба и управниот одбор на КОАИ треба да се произнесат и постапат во рок од 30 дена. Во врска со овие укажувања од НО, Претседателот на НО Радевски посебно нагласи 2 барања – и тоа по однос на членот 110

и членот 123 од Законот за градење кои се однесуваат на донесување на ценовник на јавни услуги како и непречениот пристап до идеминикот на овластени архитекти и овластени инженери на веб страната на комората, во секое време без разлика од кој прелистувач се пристапува. Во врска со излагањето на Радевски, Г. Марковски постави прашање за тоа кој е записникот наведен во извештајот и зошто не е доставен. Претседателот на Надзорниот одбор изрази надеж дека е направен ненамерен пропуст па недостига записникот. Исто така таа појасни дека Надзорниот одбор во тој записник укажал на некои можни подобрувања и дека по нив треба да се произнесе и постапи во рок од 30 дена, и дека забелешките не се од суштински карактер. Претседавачот на Собранието појасни дека на усвојување од Собранието секогаш се доставува само извештајот од Надзорниот одбор.

Како појаснување за достапноста до електронскиот именик на овластените архитекти и инженери, на веб страницата, Претседателот Димитровски информира дека од 1. март 2017 до именикот се пристапува без сигурносен мод, а тие што случајно пристапуваат со сигурносен код не може да го отворат Именикот, но ќе биде доставена информација до сите корисници страницата да ја овораат во htpp, а не во htpps код.

По расправата Собранието го усвои предложениот годишен извештај и финансиска сметка за работата во 2017 година и го прифати извештајот од надзорниот одбор за работата на Комората во 2017 година.

## ТОЧКА 4

Програмата за работа на Комората за 2018 година, преку power point презентација детално ја елабориране Претседателот Димитровски при што појаснуваше за секоја од предложените 14 програми доставени до членовите на Собранието.

Во расправата по оваа точка зедоа учество:

Благојче Цветковски, предложи во Програма 2, усвојувањето на Тарифникот да се стави како повисока цел. Мирјана Стефановски - урбанизам, (не е член на Собранието) побара појаснување до каде е со постапката за Тарифникот за урбанистички услуги кој е поднесен во 2016 година од работна група на одделение за урбанисти.

Претседателот Димитровски даде сублимиран историјат за тоа како е работено на тој Тарифник и дека последниот официјален писмен контакт со Министерството за транспорт и врски е остварен на 16 јуни 2016 година кога од Министерството е побарано изготвувачите да пополнат прашалник за фискални импликации (со податоци што изготвувачите не можеле да ги прибават) и после недоставување на овој прашалник, министерството ја ставило постапката во мирување.

Кристинка Радевски предложи да се направат анализи зошто од околу 7000 издадени овластувања активни се околу 3.500 овластени архитекти и инженери.

Веселинка Герасимовска изрази несогласување со објаснувањето на Претседателот дека во 2017 година имало малку активности околу Тарифникот и објасни дека работна група од одделението за архитекти интензивно работела на Тарифникот (веднаш по донесувањето на акциониот план за измена на законите -

во октомври и ноември 2017) заедно со измените на Законот за градење и до Управниот одбор е доставен материјал - ЦЕНОВНИК и побара да се работи поинтензивно на тој материјал.

Претседателот Димитровски информира дека материјалот – (измени на Законот за градење со предлог - ЦЕНОВНИК) е добиен од Одделението за архитекти на 6 декември, а на 20 декември постигната е согласност материјалот да се дистрибуира до сите Претседатели на професионални одделенија со барање да се изјаснат дали така подготвениот материјал (Ценовник) може да биде предмет на работа на УО на Комората. За материјалот писмено дало согласност само одделението за урбанисти (13 февруари 2018). Во врска со најавените измени на законите на ниво на државата, не е отпочнато со реализација на акциониот план предложен од назначениот координатор. Обврската на работните групи формирани во Комората по предлог на професионалните одделенија беше дефинирана во две фази: првата да се набележи кои одредби од постојните законски акти попречуваат во работата на овластените архитекти и овластените инженери и тоа да се достави до носителот на реализација на акциониот план, (ДИГУ) и во втората фаза да се дадат предлози за нов предлог-закон (според насоките). После изработката на предлог нов закон да се работи на подобрување на тој текст, анализа со евалуација на применливоста на одредбите и усогласеноста со другите закони од интерес на градежното инженерство и таа фаза според акциониот план да трае 270 дена.

Драгана Јовановска, во врска со програмата за издавачка дејност, предложи Пресинг да излегува во електронска форма со што ќе се намалат трошоците околу неговото печатење.

Претседателот на Комората образложи дека трошоците за ПРЕСИНГ од претходните години се намалени бидејќи списанието сега се доставува само до активните членови на комората, а не до сите членови и дека ставот на Уредувачкиот одбор (поддржано со анкетата што е спроведена на сајтот) е дека подобро би било да се печати, а во електронска форма го има на веб страницата на Комората. На ова се надоврзаа Горан Марковски, поранешен главен и одговорен уредник на Пресинг и сегашниот главен и одговорен уредник Јосиф Јосифовски кои истакнаа дека е добро списанието да е во печатена форма, си има своја читачка публика дури и лица што не се членови на Комората го читаат, а според нив електронскиот медиум не е добра замена за пишуваниот.

Костадин Ристоманов го изнесе своето несогласување со тоа што Собранието се свикува само еднаш годишно, пред се за да се изјасни за формални документи и предлага да се дискутира за суштински прашања од интерес на инженерите и инженерската бизнис заедница.

Претседавачот Станковски појасни дека бројот на седници на Собранието не е лимитиран и тие се свикуваат согласно потребите и на иницијатива на одделенијата.

Марија Станковска изнесе мислење дека во некои одбори на одделенија не се рамномерно застапени преставниците од стопанството и нестопанството, територијалната и националната застапеност и се заложи во идниот мандат за ова да се води повеќе сметка.

Катерина Димевска се заложи за поинтензивен настап на Комората во првата фаза од донесување на Законите од областа на дејноста на Комората. Во однос на Пресинг се заложи да излегува во печатена форма, бидејќи се работи за професионално списание кое ја промовира инженерската струка.

Ристоманов истакна дека треба најнапред да се направи сондирање во базата а потоа работните групи да го подготват материјалот за измена на законите, кој треба повторно да се врати во одделенијата и кај членовите за да видат што е направено и за евентуални дополнувања. На оваа забелешка појаснување даде претседавачот Станковски, при што напомна дека постапката околу измената е јасна, формирана е работна група од секое одделение од 5 лица. Секој член треба во базата да ги сондира потребите и забелешките и да ги пренесе во групата. Тој истакна дека решенијата околу информираноста треба да се бараат во рамките на одделенијата.

Како потврда на тоа дека во сите одделенија не се работи по тој принцип и транспарентно беше и дискусијата дека во Одделението за градежништво не се сондираат мислењата, па дури ни на членовите на Собранието од градежништво.

По расправата, Собранието со 5 *ВОЗДРЖАНИ* гласови и другите *ЗА* ја прифати Програмата за работа на Комората во 2018 година.

## ТОЧКА 5

Во врска со изборот на два члена во дисциплинска комисија се поведе расправа дали треба да се ограничи на двајца, или може да бидат повеќе членови и во оваа комисија која има доста работа да влезе и член од националностите. По кусата расправа и по предлог на Претседателот на Управниот Одбор на Комората, заради правична застапеност на заедниците да биде предложен уште еден член од националностите, Собранието го прифати дополнителниот предлог (Шабан Алиу) и за членови на Дисциплинската комисија ги избра: Игор Никодинов, д-р Влатко Коробар и Шабан Алиу.

## ТОЧКА 6

Собранието ја избра следната комисија за спроведување на изборот на потПретседател на Комората: Веселинка Герасимова Петровска, Адријана Милевска Марковска, Нада Брајковска, Беким Емурлаи, Дурим Фетаху и Димче Атанасовски.

## ТОЧКА 7

Во врска со изборот на Потпретседател на Комората кој не беше извршен на претходното Собрание, Претседавачот Станковски информира дека од оделенијата има пристигнато кандидатури за двајца кандидати и тоа: д-р Гајур Кадриу од Одделението за архитекти и Раде Лазаревски, предложен од Одделението за градежни инженери. Станковски ги повика кандидатите да се престават, по што секој од нив даде, во куси црти, делови од својата биографија што беше доставена до членовите. Пред да отпочне гласањето Претседавачот констатира дека се присутни 57 членови и двајца членови имаат дадено полномошно заверено на нотар, па така треба да гласаат вкупно 59 члена, а за избран ќе се смета оној кандидат кој ќе добие најмалку повеќе од половината од вкупниот број членови на Собранието, односно 38 гласа.

По извршеното тајно гласање, комисијата за спроведување на истото достави записник, по што претседавачот ги прогласи следниве резултати:

За д-р Гајур Кадриу гласале 17 членови, а за Раде Лазаревски 41, и има едно неважечко ливче па избран Потпретседател на Комората е Раде Лазаревски за период од 24.2.2018 до 10.6.2020 година. Лазаревски им се заблагодари на членовите на Собранието за укажаната доверба. Д-р Гајур Кадриу изјави дека е незадоволен од фактот што одделението за градежништво не ја почитувало препораката на УО, за кандидат за Потпретседател да биде предложен само еден кандидат од оделението на архитекти и тоа од редот на националностите, со што би се остварила правична застапеност на националностите во управните органи и тела на Комората, а потоа во знак на незадоволство ја напушти седницата на Собранието.

Поради изборот на Раде Лазаревски за Потпретседател на Комората се испразни едно место во Собранието на Комората, па Претседавачот на Собранието информира дека Одделението на градежни инженеритреба да предложи нов претставник во Собранието на Комората, од листата на претходни кандидати за кои се гласало, согласно актите на Комората , а мандатот на овој член ќе се верифицира на првата наредна седница на Собранието на комората.

## ТОЧКА 8

Собранието едногласно ги усвои предложените статутарни одлуки, со напомена ако има потреба од дополнителни измени и дополнувања тоа да се да се предложи преку одделенијата на наредното Собрание.

## ТОЧКА 9

Собранието едногласно ги усвои Правилникот за измени и дополнувања на Правилникот за надомест на посебните трошоци на членовите на Комората и други лица, при што надоместот на членовите на второстепената комисија е изедначен со надоместот на членовите на сите други комисии во Комората.

## ТОЧКА 10

Собранието по куса расправа со одлука го измени Деловникот за работа на Собранието на Комората, согласно доставените предлози, при што од наредната седница на Собранието на Комората нема да се дозволува користење на полномошно.

## ТОЧКА 11

11.1 Претседавачот Станковски информира дека прашањето за изработка на Тарифник, како иницијатива од Одделението за архитектура е разгледано на Управен одбор при што е заклучено работниот материјал доставен од Одделението за архитекти да се достави до сите професионални одделенија на изјаснување и по јавната расправа во рамките на одделенијата, до 10 април сите одделенија да достават свои сугестии, предлози и забелешки. По добивањето на материјалот од одделенијата ќе се свика тркалезна маса, по што со сублимиран тест на материјалот ќе се закаже Собрание на кое ќе се расправа по него. Во расправата зедоа учество: Ристоманов, Станковска, Димевска, М. Јовановски, Радески, Б. Емурлаи, при што се побараа дополнителни информации за постапката за изработка на материјали битни за членовите на Комората, се забележа дека во дел од одделенијата, членовите не се информирани за работата на одборите

и на работните групи што ги изработуваат материјалите поврзани со прописите за градење и урбанизам. Се заложија за јавна дебата по предлозите од работните групи.

По расправата се одлучи да се свика Собрание каде ќе се расправа по материјалот што ќе го предложи Управниот одбор врз основа на предлогот од оделението на архитекти во соработка со другите одделенија и јавната дебата, а доколку Управниот одбор оцени дека е потребно да се формира работна група за изработка на завршниот материјал, да ја формира истата.

## ТОЧКА 12

Претседателот на Комората ја промовираше Монографијата на Комората што се отпечати по повод 10 години од формирањето на Комората по што на сите членови на Собранието и на членовите на Управниот одбор им беше доделен по еден примерок.

Собранието заврши во 14:30 часот.

**Записникот го состави**
Јагода Дренковска

**Претседавач на Собранието**
д-р Миле Станковски

**Оверувачи на записникот:**
М-р Кристинка Радевски, Претседател на Надзорниот одбор ------------------------------ 20.03.2018г.
М-р Сашо Блажевски, Претседател на Дисциплинската комисија ------------------------------ 20.3.'18 15⁰⁰